**ЈКП дервен ВЕЛЕС** дервен

ул. „Вардарска“ бб, пош. фах 12, 1400 Велес
Жиро с-ка: **300270000004921**
депонент на Комерцијална банка, Велес
тел: Централа: + 389 43 231 011
Директор: + 389 43 233 434
Факс: + 389 43 222 608
E-mail: info@derven.mk
Web: www.jkp-derven.com.mk

До

**Претседател на Советот на Општина Велес**

ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВЕЛЕС
11 -06- 2026
09 - 2120/1

Наш број: 03-978/1

Ваш број:
Датум: 11.06.2026 година

**Предмет: Доставување на материјали за седница на Советот на Општина Велес**

Почитувани,

Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ - Велес на својата седница одржана на ден 26.05.2026 година, донесе Одлука за усвојување на Измена на Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес, со бр.02-884/3 од 26.05.2026 година.

Измената на Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес се врши исклучиво заради техничка реализација на потпишаната Спогодба за утврдување на коефициенти на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен“ - Велес, заведена под архивски бр.14-2257/1 од 31.12.2024 година и истата ќе се реализира целосно во рамките на веќе планираните и одобрени средства за бруто-плати за 2026 година, без да се предизвикаат дополнителни финансиски импликации или оптоварување на буџетот на Општина Велес.

Оттука, во прилог Ви ја доставуваме предметната Одлука, со цел истата да биде проследена до надлежните комисии и ставена на дневен ред на наредната седница на Советот на Општина Велес за добивање на согласност од страна на Основачот.

Во прилог на ова Барање, Ви ја доставуваме следната документација:

1. Одлука за усвојување на Измена на Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес, со бр. 02-884/3 од 26.05.2026 година;
2. Програма за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес, со бр. 05-411/1 од 02.03.2026 година;
3. Измена на Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес, со бр. 05-411/2 од 26.05.2026 година;
4. Одлука за давање согласност на Спогодба за утврдување на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен“ Велес, со бр. 02-978/3 од 10.06.2026 година и
5. Спогодба за утврдување на коефициенти на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен“ - Велес, заведена под архивски бр. 14-2257/1 од 31.12.2024 година.

Со почит,

Со почит,

Изработил:
Тодорка Пенкова

ЈКП Дервен
Директор
Дипл. инж. технолог Горанчо Наунчев

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 02-884/3
26.05.2026 год.
Велес

Врз основа на член 19 став (1) точка 2 и член 30 став (2) од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/1996, 9/1997 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/2019, 89/2022, 274/2022, 208/2024, 193/2025 и 96/26), Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ – Велес на седницата, одржана на ден 26.05.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за усвојување на Измена на Програма за работа и развој и
Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година

Член 1

Со оваа одлука се усвојува Измената на Програмата за работа и развој и Финансискиот план на ЈКП „Дервен“ - Велес за 2026 година, донесена од директорот на јавното претпријатие со бр.05-411/2 од 26.05.2026 година.

Член 2

Измената на Финансискиот план од член 1 на оваа одлука, се доставува до Советот на Општина Велес, за добивање на согласност.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува по добивање на согласност од страна на Советот на Општина Велес како основач на претпријатието.

Претседател
на Управниот одбор,
Емилија Андовска

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

Доставено до:

- Совет на Општина Велес;
- Архива;
- Списи на Управен одбор;

...комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 05-422/1
02.03 2026 год.
Велес

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Рок на чување: Трајно
№ 26
Потпис,

ЈКП дервен ВЕЛЕС

дервен

# Програма за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен“ – Велес за 2026 година

Јанурари 2026 год.

## I. ПОЈДОВНИ ЕЛЕМЕНТИ

Планот за работа во 2026 год. поаѓа од целите и интересите утврдени од страна на претпријатието за постигнување на подобри резултати во работењето. а во согласност со расположивите средства за работа и достигнатиот степен на развој.

Планот за работа претставува основа за работење на претпријатието во 2026-та год, а неговата реализација претпријатието ќе ја оствари во соработка со граѓаните на Општина Велес деловните партнери и корисници на услуги и Локалната самоуправа на Општина Велес.

Основни појдовни елементи врз кои се темели изготвувањето на Планот се :

- Дефинирање на планираниот физички обем на услугите ;
- Дефинирање на приходите од работењето;
- Дефинирање на обемот на инвестиционо одржување и вложување кое директно ќе допринесе за подобрување на услугите;
- Дефинирање на трошоците кои ќе се направат од работењето при :
    - Остварување на потребното ниво на водоснабдување и одведување на отпадна вода;
    - Остварување на потребното ниво на износ и депонирање на комунален отпад;
- Соодветна испорака на услугите на зелените пазари;
- Одржување на гробиштата и останатата инфраструктура на гробиштата;
- Реализација на Програмата за уредување и одржување на градско зеленило во 2025 год.;
- Реализација на Програмата за подигнување на нови парковски површини во 2025 год.;
- Реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Велес во 2025 год.;
- Реализација на активности за изработка. поставување и одржување на урбана опрема за потребите на општината;
- Реализација на градежни работи за потребите на општината водејќи сметка притоа за:
    - Целосно искористување на постоечките капацитети ;
    - Подобрување на ефикасноста и ефективноста во работењето;
    - Зголемување на економичноста во работењето со намалување на трошоците по единица производ;
    - Подобрување на наплатата.

При изготвување на Планот во предвид беа земени развојните планови на Општина Велес особено во областа на локалниот економски развој и уредувањето на градежното земјиште.
Со реализација на овој План се очекува претпријатието да работи финансиски добро што ќе овозможи на граѓаните и правните лица да им се обезбеди квалитетно извршување на услугите од областа на водоснабдувањето, комуналната хигиена, пазарните услуги и одржувањето на зелените површини во градот.

Ќе се продолжи со редовно инвестиционо и тековно одржување на водоводната и канализациона мрежа, а во согласност со изготвениот План за јавни набавки кој е изработен врз основа на проекциите од овој План за работа.

Активностите за тековното и инвестиционо одржување подетално се образложени во делот за инвестиционо вложување и одржување.

# II. ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА ПРОИЗВОДСТВО И УСЛУГИ

## 1. Сектор Водовод

Основните задачи на овој сектор се следните:

- Прифаќање на суровата вода во Фабриката за вода;
- Преработка на сурова вода и дистрибуција на вода за пиење;
- Инсталација на водоводни и канализациони линии;
- Инсталација на приклучни водоводни и канализациони линии;
- Монтажа на водомери и водомерни арматури;
- Монтажа и одржување на препумпни станици со хлоринаторски системи и автоматика за истите;
- Отстранување на дефекти на водоводни и канализациони линии и последиците од истите.

Извршувајќи ги своите задачи, Сектор Водовод го одржува функционален комплетниот водоводен и канализационен систем во градот, водоснабдителните системи во дел од руралните средини на општината и дел од канализационите системи во руралните средини. Овој сектор со својата работа обезбедува непрекинато водоснабдување со исправна вода за пиење на корисниците, како и непрекинато одведување на отпадните води.

За извршување на овие активности, секторот Водовод е организиран во соодветни одделенија:

- Одделение Фабрика за вода;
- Одделение за Дистрибуција и одвод, кое се состои од следните оддели:
    - Оддел Одржување;
    - Оддел Канализација;
    - Оддел Приклучоци;
    - Оддел Баждарница;
- Одделение за Одржување на пумпни станици и резервоари.

Во 2026 год. суровата вода што ќе се преработува во Фабриката за вода ќе се доведува од акумулацијата „Лисиче".

Суровата вода што се преработува во Фабриката за вода се доведува од акумулацијата „Лисиче". Суровата вода директно се зафаќа од акумулацијата и преку доводен цевовод со дијаметар од 1000мм и 700мм и со должина од 21.500м' се доведува до Фабриката за преработка на сурова вода. Фабриката за преработка на вода е со капацитет од 500 л/сек. Во склоп на фабриката функционира и лабораторија за следење на квалитетот на водата. Водоводниот систем во градот се состои од **деветнаесет резервоари со капацитет од 8160 м$^3$**, водоводни линии со вкупна должина од **124.260 м'** изведени од различни видови на материјали и 6 препумпни станици.

Општина Велес на ЈКП Дервен ги предаде на управување Водоснабдителниот систем за Езеро Младост, с. Новачани, водоводниот систем за нас. Порцеланка (Долно Оризари), с.Отовица, с.Сопот и водоснабдителниот систем за с.Чолошево кои се дел од водоснабдителниот систем на

градот и посебните водоводни системи во с.Караслари, Индустриска зона с.Караслари, с.Црквино, с.Мамутчево, с.Сливник, с.Сујаклари и с.Иванковци.

Со превземањето на селските водоводни системи, обемот на работа на Сектор Водовод и канализација се зголемува со одржување на водоводни мрежи на оддалечени локации кои не се поврзани со водоснабдителниот систем на градот и се со проценета вкупна должина од 26.922 м' пет бунари снабдени со пет длабински пумпи, една каптажа, една препумпна станица и шест резервоара со вкупна зафатнина од 930 м$^3$. За дезинфекција на водата има поставено во секој систем пумпа за дозирање на хлор. На новопревземените водоводни системи има приближно 596 приклучоци.

Во 2025 Општина Велес заврши со изградба на доводниот водоснабдителниот систем за водоснабдување на с.Раштани и с.Бузалково, финансиран преку Министерство за транспорт и врски, така да во 2026 година ќе биде предаден на управување на ЈКП Дервен Велес. Исто така Општина Велес во соработка со ЈКП Дервен планира проширување на секундарната водоводна мрежа во нас. Речани и с.Отовица за приближно 2.000 м' како и во викенд населбата на Езеро Младост во должина од приближно 1.000 м'.

Со преотстапувањето на водоводниот систем за водоснабдување на с.Раштани с.Бузалково и планираните секундарни линии должината на водоводната мрежа на градот во 2026 би се зголемила за приближно 13.100 м' главна водоводна линија и селската разводна водоводна мрежа во с.Раштани, за која немаме податоци. Исто така ќе се зголеми и резервоарскиот простор за 250м$^3$ (два нови резервоари и две препумпни станици).

Во 2026 година согласно проширувањето на водоснабдителниот систем и превземањето на водоснабдителните системи од руралните средини, очекуваме зголемување на бројот на корисници на услугата водоснабдување за приближно 270 домаќинства (1.800 жители).

*За одржување на вака зголемен систем на водоснабдување и одвоените водоводни системи, во Сектор Водовод и канализација во 2025 год потребно е да се зголеми бројот на вработени со формирање на нова група за одржување на оддалечените водоводни системи, која ќе биде опремена со теренско возило и друга потребна опрема за одржување на водоводни системи. Оваа група би била составена од груповодител, водоинсталатер, електротехничар, машински техничар, хемиски техничар и два општи работника.*

Со зголемувањето на обемот на работа (проширувањето на водоснабдителниот систем на градот и зголемување на бројот на корисници), исто така се очекува зголемување на трошоците за набавена сурова вода, потрошено гориво, електрична енергија, суровини, материјали и сл.

За намалување на загубите на вода во 2026 год. ќе се спроведат низа активности и инвестициони вложувања и тоа:

- За реално согледување на стварните вредности на загубите на вода во дистрибутивниот водоснабдителен систем, ќе се продолжи со поставување на водомери на системи за наводнување, јавни чешми, фонтани и други потрошувачки места каде не се мери потрошената вода.
- Спроведување на проект за мерење и мониторинг на потрошувачката на вода, анализа на загубите на вода во градот со анализа и намалување на неприходованата вода во пилот мерна зона.
- Обновување на СКАДА системот за контрола и управување со процесот на преработка на вода во фабриката за преработка на вода за пиење. За работа и управување со СКАДА системот во 2025 год. потребно е да се вработи ИТ инженер.
- Сукцесивно инсталирање на модули на постоечки и нови водомери за далечинско отчитување на истите.
- Поставување на реонски мерачи/сонди на притисок и проток низ дистрибутивниот водоснабдителен систем, поврзани со СКАДА системот.

Планираниот физички обем за овој вид на услуги се заснова на следните елементи :

- Реализираниот квантум во 2025 година;
- Проценка на потребите за 2026 година;
- Постоечкиот капацитет на водните ресурси;
- Состојбата на опремата, инсталациите и објектите што се користат за преработка, и дистрибуција на водата и одведување на отпадните комунални води.

Врз основа на горенаведените податоци, во 2026 год. ќе се обезбеди преработена вода во количина од **5.160.966 м³**, а на потрошувачите ќе се испорача **2.617.563** м³ вода. Проектираната помала загуба на вода се должи на предвидени инвестиции и програми за намалување на загубите на вода во 2026 год.

Планираната структура на потрошувачка на вода по категории потрошувачи е следна:

а) Претпријатија.............................................. 453.273 м³
б) Домаќинства................................................ 2.164.290 м³
в) Наприходована вода.................................... 2.543.403 м³

Вкупно планирано произведена вода во 2026 : ....................... 5.160.966 м³

Неизмерената вода, односно наменски потрошената вода поради новите потрошувачки места на 1.800 жители, со планирано испирање и дезинфекција на новите водоводни линии и објекти, согласно нормите е предвидено да достигне до **200.000 м³ за 2026 год.**

Одведувањето на отпадните комунални води се врши преку канализациона мрежа со должина од **70.596**м` и соодветни објекти.

Општина Велес на ЈКП Дервен во 2021 год. ја преотстапи на управување новоизградената канализациона мрежа во с.Отовица со должина од 2.513 м, со препумпна станица за отпадни води и со 79 ревизиони шахти и колекторскиот фекален систем со фекалните системи од с.Сујаклари и новата викенд населба на Езеро Младост.

Во 2026 година планирано е да се одведат **2.314.229** м³ отпадна вода и тоа од домаќинствата **1.936.544** м³ , а од претпријатијата **377.685** м³.

Одделение Фабрика за вода во 2026 год. редовно ќе се грижи за исправноста на преработената вода за пиење и водата за пиење во дистрибутивниот систем преку редовни контроли и испитување на водата од разни локации на градот и од сите фази на пречистување во фабриката, ќе се грижи за исправноста на објектите и опремата за преработка на водата, за навремена набавка на потребните количини на суровини за прочистување на суровата вода и за здравјето на вработените кои учествуваат во процесот на преработка.

За 2026 год. се планира да се преработи 5.160.966 м³ сурова вода за снабдување со исправна вода за пиење на приближно 45.600 жители.

Одделението за Дистрибуција и одвод во 2026 година ги планира следните работни активности, прикажано по оддели:

- Одделот Одржување ќе врши брзи интервенции на дефекти на водоводни линии во градот и селските мрежи со кои ќе стопанисува ЈКП Дервен;
- Одделот Канализација редовно ќе се грижи за исправноста на канализационите шахти и канализационите линии. Ќе врши и интервенции на секој настанат дефект.
- Одделот Приклучоци ќе постапува и ќе го реализира секое доставено барање од страна на корисниците на услуги за приклучок на водоводна мрежа, замена на ...

преместување на водомер. Овој Оддел ќе издава и хидротехнички услови за приклучување на нови станбени и деловни објекти на градската водоводна мрежа;

- Одделот Баждарница,планира замена на неисправни вентили и водомери, како и во соработка со оддел Приклучоци монтирање на 300 нови водомери кај новопревземените водоводни системи;

Одделението за Одржување на пумпни станици и резервоари во 2026 година ќе ги одржува сите резервоари, препумпни станици на системот за водоснабдување во градот и селските мрежи ќе ја одржува исправна водата за пиење во селските засебни системи со редовна грижа за хлоринаторските системи во бунарите и по налог на Општина Велес ќе ги одржува украсните фонтани во градот.

Секторот Водовод и канализација во текот на 2026 година ќе продолжи со инвестиционо вложување во изградба на нови, реконструкција и одржување на застарените водоводни и канализациони линии и објекти во соработка со Општина Велес врз основа на изготвен тригодишен План.

Подетални показатели за планираниот физички обем на производство и услуги за 2026 година се прикажани во **Преглед бр.1.**

## 1. Сектор Комунална хигиена

**Основните задачи на овој Сектор се следните:**

- Собирање и транспортирање на комунален и индустриски неопасен отпад од индивидуалните корисници и правните лица;
- Депонирање на комуналниот и индустриски неопасен отпад на градската депонија;
- Одржување на градската депонија согласно стандардите за зачувување на животната средина;
- Чистење на јавно прометни површини (метење и перење);и
- Управување со Градските гробишта.
- Селекција, складирање и третман на отпад од пакување.

За извршување на горенаведените активности, овој Сектор е организиран во соодветни Одделенија:

- Одделение за Износ на смет, кое е составено од следните оддели
  - Оддел Автомеханичарска работилница
  - Оддел Депонија
  - Оддел за Складирање и третман на отпад
- Одделение Јавна хигиена и
- Одделение Гробишта.

Физичкиот обем на услугите за овој сектор е дефиниран преку регистрираните површини од кои се изнесува отпадот.

Секторот Комунална хигиена планира во 2026 год. во системот на управување со отпад да воведе нови рурални средини од територијата на Општина Велес во согласност со Програмата за управување со отпад, изготвена од Општина Велес.

Изнесувањето и депонирањето на отпад за 2026 година се планира да се врши од површина од 40,965,500м$^2$. Притоа од претпријатијата ќе се изнесува смет од површина од 6.900.000м$^2$ и 15.500 м$^3$ од индустрија, а од домаќинствата од површина од 34.050.000м$^2$ .

Собирањето на отпадот се врши два пати во неделата од индивидуалните и правните корисници. Од улиците во централното градско подрачје кон кои гравитираат повеќе корисници (како ул . „Благој Ѓорев", ул. „8-ми Септември" , ул. „Кирил и Методиј", ул. „Лазо Осмаков", ул. „Христо Татарчев" како и Градскиот пазар и Пазарче во Нова населба) отпадот се изнесува седум пати неделно и два пати дневно. Собирањето на отпадот од индивидуалните домаќинства и колективното домување се врши во ноќните часови. Отпадот од правните субјекти и од руралните средини се врши во претпладневните часови. Оваа динамика на собирање на отпадот ќе продолжи и во наредната година.

Врз основа на вака утврдениот физички обем, задачите и динамиката на извршувањето на услугите, Секторот Комунална хигиена соодветно се димензионира со работна рака и механизација.

Чистењето на јавно прометните површини за 2026 година ќе се врши согласно "Програмата за чистење на јавно прометни површини за 2026 година" која ја усвојува Советот на Општина Велес и истата е составен дел на Планот за работа на ЈКП Дервен за 2026 година.

**Со оваа Програма дефиниран е ангажманот на ЈКП Дервен за:**

- Рачно и **машинско** метење на улици,тротоари, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила, крајбрежја, јавни санитарни јазли, автобуски стојалишта и такси станици;
- Миење на улици и паркинг простори во градот и руралните средини;
- Рачно чистење на снег и мраз во зимски услови;
- Одржување на споменици и спомен обележја;
- Одржување на површини за одбележување на програмски активности во областа на културата;
- Вонредно одржување
- Отстранување на умрени животни од јавните површини низ градското подрачје

За реализацијата на горенаведените активности, Одделението Јавна хигиена изготвува дневни и месечни извештаи што ги доставува до Општина Велес.

За реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес, Секторот Комунална хигиена изготвува годишен извештај што го доставува до Советот на Општина Велес.

**Во 2026 година Одделението за гробишта кое е во состав на Сектор Комунална хигиена планира да ги организира следните активности :**

- Одржување на гробиштата;
- Отпочнување со оградување на гробиштата кај црквите Св.Пантелејмон и Св.Спас.
- Одржување на инфраструктурата, собирање и транспортирање на отпадот до градска депонија;
- Погребални услуги поврзани со управувањето на гробиштата;
- Продолжување со евиденција по парцели и гробни места;
- Изградба на гробни места на Новите градски гробишта;
- Набавка и монтажа на нова комора за починати во капелата на Новите градски гробишта;
- Уредување на паркинг простор на гробиштата кај црквата Св.Спас;
- Поставување на чешми на определени локации на гробишта кај црквата Св.Спас;
- Хортикултурно уредување на Новите градски гробишта и бојадисување на постоечката ограда ;
- Изградба на потпорни ѕидови, патеки, скалила, ракофати и други градежни активности на гробиштата на црквите Св.Спас, Св.Пантелејмон и на Новите градски гробишта
- Покривање,ставање на кров на просторијата за чувари кај црква Св.Спас

**Одделот за Депонија ...**

- Тампонирање на дел од сообраќајниците;
- Пошумување на делот околу оградата на градската депонија.
- Ископ на земја за покривање на отпадот.
- Набавка на булдожер за распоредување на отпадот и негово прекривање со инертен материјал.

**Одделот за Складирање и третман на отпад во текот на 2026 година** планира:

- Бетонирањена пристапниот пат до објектот за складирање.
- Бетонирање на долно плато.
- Изградба на бетонски ѕид.
- Реализација на акциите за собирање на габаритен и електронски отпад.
- Реализација на активностите предвидени за 2026 година во Планот за управување со отпад од пакување.

Подеталните показатели за физичкиот обем на услуги на секторот Комунална хигиена се прикажани во **Преглед бр.1.**

**Ване Велиновски - Раководител на Сектор Комунална хигиена**

## 2. Сектор Паркови и зеленило

Овој сектор работните активности ги извршува преку следните одделенија :

- Одделение за Одржување на зеленило и постапување со деградирани дрвја;
- Одделение за Подигнување на парковски површини и изработка на парковски елементи.

Основни дејности на овој сектор се :

- Уредување и одржување на зеленилото на парковските површини.
- Уредување и одржување на зеленилото на скверовите во централното градско подрачје;
- Уредување и одржување на зеленилото на скверовите во споредни улици;
- Одржување на зеленилото на влезовите во град Велес;
- Одржување на зеленилото во приградските населби, руралните подрачја и околината на град Велес потреба;
- Одржување на дрворедите во градот;
- Уредување. озеленување и одржување на жардињерите низ градот;
- Уредување и одржување на цветните површини во градот;
- Поставување и одржување на системи за наводнување на зелените површини;
- Подигнување на нови зелени површини и обновување на постоечките;
- Изработка и поставување на парковски елементи (цветни фигури. клупи. летниковци. мовчиња) на парковските површини;
- Постапување со деградирани дрва по добиени Решенија од Комисијата за постапување со деградирани дрва од Општина Велес
- Поставување на знамиња за одбележување на празници согласно Програмата од Општина Велес.
- Чистење на снег и мраз во зимски услови по парковските патеки;
- Поставување на новогодишни елементи
- Изготвување предлози и калкулации од стручен аспект за подготовка на Програмите за уредување, одржување и подигнување на нови зелени површини кои ги доставува до Општина Велес;

- Изготвување на дневни и месечни извештаи за завршените активности кои ги доставува до ОпштинаВелес; планови и нацрти за хортикултурно уредување на улици скверови и ...

тендерска документација од стручен аспект за потребите на секторот и за потребите на Општина Велес; записници и нарачки за саден и цветен материјал кои ги доставува до ОпштинаВелес.

Овој сектор врши одржување и подигнување на зеленило и за потребите на објектите на ЈКП Дервен како што се: првите заштитни зони околу резервоарите. Фабриката за вода и хортикултурно уредување на просторот на новите градски гробишта.

Одржувањето на зеленилото во градот ќе се врши согласно "Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2026 година" која ја изготвува Општина Велес а ја усвојува Советот на Општина Велес и со која се предвидува одржување на зеленило со вкупна површина од **375.130 м²**

Оваа програма е составен дел на Планот за 2026 година и во неа се утврдени: територијата, површината, фреквенцијата, интензитетот на одржување, работните операции, обемот и динамиката на извршената работа.

Во Програмата исто така се опфатени постапката со деградирани дрвја на територијата на Општина Велес и вонредното одржување на зеленило во: рурални подрачја, покрај локални патишта, игралишта во приградски населби, и сите непредвидени активности при одржување на јавни манифестации организирани или поддржани од Општина Велес.

**Секторот Паркови и зеленило во 2026 год. планира :**

- Комплетно реализирање на сите активности од Програмата за одржување на јавното зеленило зеленило на територијата на Општина Велес, како што се редовни активности, постапување со деградирани дрвја и одржување на зеленило по потреба.
- Подигнување на нови зелени површини, односно реконструкција на зеленилото, по претходно изготвена Програма од Општина Велес која Советот на Општина Велес ја усвојува.
- Обновување на постоечки објекти во расадникот кај Дирекција на ЈКП Дервен
- Обновување на расадникот во месноста Шорка со: комплетно расчистување на просторот,набавка на саден и семенски материјал, набавка на основни и пропратни материјали, подигнување на нови насади на цветен и дендро материјал, реконструкција на постоечки објект или изградба на нов објект за потребите на расадникот,
- Довршување на изградба на започнати објекти како магацински простор за чување на земјоделски машини и приклучни машини во расадникот кај Дирекција на ЈКП Дервен
- Обновување на возниот парк со набавка на патничко возило, теренски возила, земјоделски возила и машини и приклучни машини.

Начинот и интензитетот на одржувањето на зеленилото се менливи елементи и се во функција во зависност од климатските услови, потребите на градот, структурата на зеленилото, неговата распространетост, техничко-технолошкиот развој на струката, расположивите финансиски средства и друго.

**Татјана Петровска - Раководител на Сектор Паркови и зеленило**

## V. Одделение Пазари

Одделението Пазари при ЈКП „Дервен" - Велес врши управување и одржување на пазарите на мало во град Велес на следните локации:

- Градски пазар, и
- Покриен пазар во Нова населба.

Одделението Пазари својата работна ангажираност ја остварува преку обезбедување на услуги спрема корисниците на пазарите, за што располага со следниот продажен простор и опрема :

- Продажен покриен простор ...........................................................3.520 м²
- Продажен покриен простор (Пазар нова населба)..............................687 м²
- Деловен простор – дуќани...................................................................776 м²
- Деловен простор – канцеларии.............................................................74 м²
- Продажен простор за камиони ..............................................................700 м²

- Метални тезги (репарирани) ........................................ 150 тезги
- Метлни Тезги (нови ) ........................................ 160 тезги
- Ваги за мерење, комплет со тегови........................................ 44 броја
- Голема вага ........................................ 1 број

Одделението Пазари во целост ја почитува Одлуката за комунален ред и мерки за нејзи спроведување во Општина Велес.

Со пуштањето во употреба на горниот дел од покриениот пазар закупните места с зголемени вкупно 257 .

Завршени се сите градежни активности на градскиот пазар и истиот е пуштен во употреба.С ова добивме модерен и најголем зелен пазар во регионот,кој што преставува пример како треба д изгледа модерен пазар во денешно време.

Добивме одллични услови како за закупците на тезги така и на самите вработени кои што г менаџираат градскиот пазар.Поголем простор за купувачите(посетителите) повеќе простор з изложување на продукти.

Сите диви продавачи кои што со години беа поставени на паркингот кај Нептун конечно ги организиравме да бидат дел од сите останати продавачи во пазарот.

Планот за 2026 год ни е да продолжиме со оваа успешна приказна, да бидеме репрезент во државата, да оствариме што е можно повеќе приходи но истовремено и да имаме задоволни концесионери и посетители.

Се надеваме дека 2026 година ќе биде година со ,многу подобри предходи од изминатата 2025 год.

**Раководител на одделение ПАЗАРИ**

## 3. Одделение за Планирање инвестиции и развој

Одделението за Планирање, инвестиции и развој своите работни активности ги извршува преку следните оддели:

- Оддел за Градежништво; и
- Оддел за Машино-браварски работи

Работните активности на Одделението за Планирање, инвестиции и развој се насочени кон координација на работите и потребите на секторите во претпријатието и тоа :

- Изготвување на тендерска документација од стручен аспект за набавка на градежни работи, градежни материјали, електро-машинска опрема, автоделови, водоводни и канализациони материјал,. опрема за СКАДА системот,компјутерска опрема и др.;
- Организирање и грижа за правилната употреба и одржување на целокупната електро-машинска опрема на Претпријатието како и за одржување на возниот парк. Ова Одделение изготвува анализи на трошоците од извршувањето на работните активности и одржувањето на машини и возила и предложува нивна замена при економско неоправдано работење;
- Организирање изготвувањена нацрти, изготвување на анализа за трошоците и приходите за потребите на Одделот за Браварски работи;
- Учество во организирање и имплементација на СКАДА системот;
- Водење катастар на водоводните и канализациони линии применувајќи го ГИС системот;
- Изготвување согласности со вцртување на водоводни и канализациони линии на ситуации по барање на странките при изградба на објекти и при изработка на урбанистички планови;
- Учество во изработката на урбанистичките планови за Општина Велес со свое мислење за проектираната инфраструктура;

- Изработка на основни проекти, вршење надзор и директно учество во работите з реконструкција и изградба на водоводни и канализациони линии, реконструкција н постоечки и изградба на нови објекти за претпријатието и сл.;
- Изготвување на предмер-пресметки, односно изготвување инвестиционен план з одржување и осовременување на објектите и опремата на претпријатието;
- Изготвување на нивелации за Новите градски гробишта и планирање на изградбата и развојот на истите.
- Одделот за Градежништво учествува во одржување на објектите на претпријатието и врш градежни работи за другите работни единици неопходни при нивното тековно работење.
- Одделот за Машино-браварски работи ќе врши машино-браварски работи за потребите на другите Сектори и работи од струката за одржување на објектите и возниот парк на претпријатието.
- *Одделението ќе работи* по добиени налози од Општина Велес за градежни и браварски работи и одржување и поставување на урбана опрема

**За претстојната 2026 год. основните дејности на Одделението ќе бидат насочени кон:**

- Изработка на развојни програми за потребите на Секторите од Претпријатието во директна соработка со истите;
- Изготвување на проектно техничка документација (основни проекти и технички решенија). со континуирано прибирање на податоци директно од терен ;
- Вцртување на сите новоизградени водоводни и канализациони линии во Катастарот за подземни инсталации. со тенденција да се надгради постоечкиот софтвер за катастарот. Надградениот и среден постоечки катастар во иднина ќе има можност да се поврзе со СКАДА системот што ќе допринесе за следење и управување на целокупниот водоводен систем. со можност за изработка на анализи и испитувања за надградување и оптимизирање на постоечкиот водоводен систем;
- Вршење надзор на новоизградени и реконструирани водоводни и канализациони линии кои се во тек на изградба од Б категорија согласно Законот за градење;
- Ревидирање на основни проекти и технички решенија за надворешни инвеститори и за потребите на Претпријатието за градби од Б категорија;
- Вршење на градежни и машино-браварски работи ;

## III. ВРАБОТЕНОСТ

Планирањето на бројот на вработени се базира на извршувањето на предвидениот физички обем. подигнувањето на нивото на услугите и максимално користење на средствата за работа и работното време.

Согласно Правилникот за систематизација на работи и работни задачи во претпријатието. предвидени се **458 работни места**. Реализацијата на истиот ќе се извршува во зависност од потребите на претпријатието. Исто така се планира. според потребите на претпријатието. повремено да се вработуваат сезонски работници.

Планираниот број на работна сила во 2026 год. искажана по квалификации е следен :

| Квалификација | ЈКП ДЕРВЕН | | |
|---|---|---|---|
| | По Правилник | Остварено во 2025 | Планирани нови вработ. во 2026 според План за вработување |
| ВСС | 71 | 32 | 20 |
| ВШС | / | 2 | [illegible] |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ССС | 204 | 123 | 65 |
| КВ/ПК | 183 | 131 | 38 |
| ВКУПНО : | **458** | **288** | **123** |

## IV. ФИНАНСИСКИ ПРЕДВИДУВАЊА

**Вкупниот приход во 2026 год. се планира да изнесува   356.893.298,00 ден.**

Секторот **Водовод и канализација** планира да оствари вкупен приход о, **138.000.000,00 ден.** од кои од водата за пиење во износ од **124.000.000,00 ден.** Од одведувањет на фекална канализација се планира да се оствари приход од **14.000.000,00 ден.** Бидејќи истекув тригодишниот планиран период за утврдените тарифи за вода и канализација, **во 2025 год. ЈК Дервен планира да ги применува новите цени донесени со Решение од страна на РКЕВУ з утврдување на тарифите за период 2024-2026.**

Секторот **Комунална хигиена** планира да оствари вкупен приход **од 163.653.000,00ден.** Од собирање и изнесување на смет планирано е да се оствари вкупен приход од **116.953.000,00ден.** и истиот е поголем од минатогодишниот заради воведувањето на дел од руралните средини во општината во системот на управување со отпад и примена на новите тарифи за изнесување на отпад по сите основи.

Од одржување на Јавна комунална хигиена се планира да се оствари приход од **32.700.000,00 ден. со донесена Програма од страна на Совет на Општина Велес.** Од погребалните услуги се планира приход од **14.000.000,00** ден.

Секторот **Паркови и зеленило** согласно Програмата за уредување и одржување на градското зеленило и Програмата за подигнување и реконструкција на нови зелени површини планира да оствари вкупен приход од **35.240.298,00 ден.** финансиран од Буџетот на Општина Велес, преку воведениот надомест за подигнување и одржување на јавно зеленило за реализација на Програмата за уредување и одржување на градското зеленило во износ од **21.240.298,00** Покрај реализацијата на програмите, Секторот планира да оствари и дополнителен приход од **14.000.000,00 ден,** , поставување на знамиња по налог на Општина Велес, новогодишно украсување и други услуги.

Работната единица **Пазари** планира да оствари вкупен приход од **8.000.000,00 ден.**за 2026 година Планираниот приход ќе биде остварен од пазарни **такси 3.500.000,00 ден.** од резервации **2.500.000,00 ден.** и од кирии **2.000.000,00 ден, бидејќи се планира да се издаде под закуп дел од покриениот пазар во Нова населба.**

Одделението за планирање, инвестиции и развој, по добиени налози од Општина Велес за градежни и браварски работи и одржување и поставување на урбана опрема планира да оствари приход од **2.000.000,00ден.**

Во 2026 година планирано е да се остварат и **вонредни приходи** од камати, приходи од наплатени отпишани побарувања и побарувања од претрпени штети на основните средства во износ од **10.000.000,00ден.**

**Трошоците на работењето за 2026 год.** се планирани врз основа на физичкиот обем на производство и услугите, цените на главните материјали кои произлегуваат од постапките за јавни набавки, енергенсите и планираните инвестициони вложувања и одржувања и истите ќе изнесуваат **355.800.000,00 ден.**

**Материјалните трошоци на работењето во 2026 год**. се планира да изнесуваат **113.500.000,00 ден**

**Трошоците за суровини и материјали** се планира да изнесуваат **11.000.000,00 ден.** Се предвидува овие трошоци да бидат на скоро исто ниво како минатогодишните заради

континуитетот во инвестиционото вложување и одржување на водоводната и канализациона мрежа во градот и потребите на фабриката за вода.

Планирано е **трошоците за електрична енергијада** изнесуваат **12.000.000,00 ден.** Ов трошоци се поради очекувано стабилизирање на цените на електричната енергија.

Планираните **трошоци за гориво и мазиво** се **10.000.000,00 ден.** и зависат од цените н горивото но и од зголемениот обем на работа, особено на Секторот Комунална хигиена и Секторо Паркови и зеленило, како и состојбите со релативно обновениот возен парк на претпријатието.

За одржување на возниот парк, се планираат трошоци за **резервни делови** во износ о **3.000.000,00 ден.**

Трошоците за **ситен инвентар** се планираат на износ од **500.000,00 ден.** и се на исто ниво како минатогодишните.

**Трошоците за ПТТ услуги** се планирани на износ од **1.000.000,00 ден.** и опфаќаат трошоци за поштенски услуги, телефонски услуги, интернет исл.

Во 2026 год. суровата вода ќе се обезбедува преку браната ХС "Лисиче" и се предвидува трошоците за сурова вода да изнесуваат **23.500.000,00 ден.** Планирани се поголеми трошоци во споредба со минатата година, заради новата тарифа за сурова вода донесена од РКЕВУ.

**Производствените услуги од други** се однесуваат на анализа на вода, поправка на опрема и возила, пумпи, мотори , електромотори, привремени вработувања,градежни работи, технички прегледи и др, услуги кои ги вршат други претпријатија во износ од **23.000.000,00 ден.**

**Амортизацијата** во 2026 год. се планира да изнесува **29.500.000,00 ден.**

**Нематеријалните трошоци** се планирани да изнесуваат **19.500.000,00 ден.**

**Трошоците за надоместоци на вработените** се планираат во износ од **10.000.000.00ден.**, а согласно Правилникот за плати и надоместоци од плати и Колективен договор (отпремнина за одење во пензија, технолошки вишок, јубилејни награди, регрес за годишен одмор – К15 и др.)

**Трошоците за репрезентација, спонзорства и реклама** се планираат во износ од **900.000,00** ден. и се состојат од трошоци за репрезентација, огласување во медиумите, реклама, спонзорства, претплата на весници и стручни списанија и трошоци за исхрана на вработени кои останунаат на прекувремена работа при дефекти исл.

За **премии за осигурување** се планира да се потрошат **1.400.000,00** ден. и истите не се на ниво на минатогодишните заради потребата од воведување на дополнително осигурување од одговорност од вршење на дејност, на што не обврзува законот поради лиценците за проектирање,изведба, надзор и ревизија, имајќи ја во предвид планираната набавка на специјалните комунални возила, осигурување на новонабавената опрема за Фабриката за вода и др.Трошоците воедно зависат и од постигнатите цени при постапките за јавни набавки.

**Трошоците за даноци и придонеси** се планираат во износ од **1.200.000,00ден.**

**Трошоците за платен промет** се планирани во износ од **1.000.000,00 ден.** Овие трошоци произлегуваат од склучените договори за наплата на сметки со банки, инсталираните ПОС-терминали, воведувањето на трајни налози, е-банкарство и др.

За **судските и други трошоци** се предвидува да се потрошат **5.000.000,00 ден.** со цел да се зачуваат побарувањата и да им се продолжи рокот на наплативост со цел да не застарат.

**Трошоците за отпис на побарувања** се планираат во износ од 0 денари.

За 2026 год. планирано е да се обезбеди **бруто плата** во износ од **222.300.000,00 ден.** Предвидувањето е направено согласно Законот за исплата на минимална плата ...

Македонија и Правилникот за исплата на плати и надоместоци на плати на претпријати утврдената вредност на бодот за административните службеници донесена од Влада на РМ.

За **договорни камати од кредитни односи** се предвидува износ од **500.000,00** ден.

Подетални прегледи на приходите и трошоците по видови и места искажани се во Табе бр. 2 и 3.

Со овие планирани вкупни приходи и планираните трошоци во работењето за 2026 го, се оствари **добивка** во износ од **1.093.298,00 ден.** Во 2026 год. набавките за тековното работ ќе се извршуваат согласно Планот за јавни набавки на претпријатието и Законот за јавни наба

Се планира обврските спрема деловните партнери редовно да се измируваат, со што ќ постигне стабилност и ликвидност во работењето на ЈКП „Дервен".

## V. ИНВЕСТИЦИОНО ВЛОЖУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ

ЈКП Дервен Велес за 2026 година изготви План за работа со кој ќе се реализираат проект подобрувањена комуналнатаинфраструктура на градот и механичката опременост претпријатието, ЈКП Дервен ќе ги реализира следните проекти за подобрување на квалитетот услугите спрема граѓаните:

- Изготвување проекти за реконструкција на канализациони и водоводни линии и нив реализација во соработка со Општина Велес. Со проектите за реконструкција опфатени првенствено водоводни линии изградени од поодминат временски период, на кои јавуваат чести дефекти, кои делуваат на квалитетот на водата и се со намалена пропуснос
- Проектирање и инсталација на дополнителна опрема во водоводната мрежа и вклучуван на истата во СКАДА системот за добивање на комплетна слика за состојбата и загубите н вода во водоводната мрежа на градот;
- Набавка на нов СКАДА систем за фабриката за вода и надградба на новиот СКАДА систе за дистрибутивниот систем.
- Продолжување со активности за спроведување на проектот за далечинско отчитување н кориснички водомери;
- Поврзување на Новите градски гробишта на водоводната мрежа на градот прек реализација на проектот за водоснабдување на с.Бузалково од од страна на Општин Велес;
- Континуирана планска изградба на гробни места и подготовка на нови парцели на Новите градски гробишта со потребната инфраструктура, согласно проектната документација;
- Изградба на втората фаза од објектот Капела на Новите градски гробишта и набавка на комора за ладење;
- Набавка на нова опрема на сите постоечки резервоари во градот , комплетна санација каде има потреба од градежни работи и оградување на сите објекти;
- Реконструкциај на постоечките водоводни линии каде материјалот е од азбесцемент и има чести дефекти, се претпоставува дека можно е да се реконструираат вакви водоводни линии во должина од 2500м' .
- Осовременување и обновување на постоечката опрема и обука на вработените за подобрување на ефикасноста во вршењето на услугите;
- Набавка на товарно возило – кипер, со грејфер за подигнување на подземните контејнери
- Набавка на специјално возило – автоподигач за подигање на контејнери од 5м$^3$,
- Набавка на теренски возила
- Набавка на трактор за водовод
- Набавка на теренско возило за потребите на водовод за Селските водоводни системи
- Набавка на теренско возило – камион патар
- Изработка на техничка документација и санација на постоечки објекти кои се од поодминат временски период.преку изработка на елаборати за енергетска ефикасност и основни проекти;
- Инвестиционо вложување во [illegible]

- Набавка на проектна документација за изградба на обновливи извори на електрич енергија за потребите на претпријатието.

**„ЈКП Дервен“**

**Преглед бр.1**

**П Р Е Г Л Е Д**
**На планираниот физички обем на производство и услуги**
**за 2026 год**

| Ред. бр. | Вид на производ | Ед. мера | Плански Остварено 2025 | План за 2026 | Индекс 5 : 4 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| 1. | Произведена вода за пиење | м³ | 5,180,800 | 5,160,966 | **100** |
| 2. | Продадена вода за пиење | “ | 2,499,688 | 2,617,563 | **105** |
| | а) Претпријатија | “ | 418,391 | 453,273 | **108** |
| | б) Домаќинства | “ | 2,081,297 | 2,164,290 | **104** |
| 3. | Неприходована вода | “ | 2,681,112 | 2,543,403 | **95** |
| 4. | Одведување на комунални отпадни води | “ | 2,134,928 | 2,314,229 | **108** |
| | а) Претпријатија | “ | 313,924 | 377,685 | **120** |
| | б) Домаќинства | “ | 1,821,004 | 1,936,544 | **106** |
| 5. | Замена на неисправни водомери | бр. | 168 | 300 | **179** |
| 6. | Изнесување на деп.смет | м² | 40,276,323 | 40,965,500 | **92** |
| | а) Претпријатија покриен простор | “ | 2,249,183 | 2,400,000 | **107** |
| | б) Претпријатија дворно место | “ | 4,348,309 | 4,500,000 | **103** |
| | в) Индустрија | м³ | 14,950 | 15,500 | **104** |
| | в) Домаќинства покриен простор | “ | 19,160,758 | 19,500,000 | **102** |
| | г) Домаќинства дворно место | “ | 14,518,073 | 14,550,000 | **100** |
| 7. | Отпад од пакување | тон | 60 | 60 | **100** |
| 8. | Одржување на ЈПП во градот | м² | 18,363,724 | 20,310,000 | **111** |
| | а) метење и зимско одржување | м² | 10,427,524 | 12,410,000 | **119** |
| | б) перење | м² | 7,936,200 | 7,900,000 | **100** |
| 9. | Одржување на зелени | | | | |

**Преглед бр. 2**

**ПРЕГЛЕД**
**на планирани и остварени финансиски резултати за 2026 год.**

| 1 | Остварено 2025 | План за 2026 | Инд. 3:2 |
|---|---|---|---|
| | 2 | 3 | 4 |
| **А - Вкупни приходи** | 309,166,671 | 356,893,298 | 115 |
| Приходи од комунални услуги | 309,166,671 | 356,893,298 | 115 |
| **Б - Вкупни расходи** | 321,739,591 | 355,800,000 | 111 |
| **1. Материјални трошоци** | 114,388,279 | 113,500,000 | 99 |
| Потрошени сировини и мтеријали | 11,244,577 | 11,000,000 | 98 |
| Потрошена електична енергија | 12,137,105 | 12,000,000 | 99 |
| Потрошено гориво | 10,491,604 | 10,000,000 | 95 |
| Потрошени резервни делови | 2,954,361 | 3,000,000 | 102 |
| Отпис на ситен инвентар | 648,857 | 500,000 | 77 |
| Трошоци за ПТТ услуги | 1,133,415 | 1,000,000 | 88 |
| Трошоци за ХС Лисиче | 24,732,843 | 23,500,000 | 95 |
| Производни услуги од други | 21,924,337 | 23,000,000 | 105 |
| Амортизација | 29,121,179 | 29,500,000 | 101 |
| **2. Нематеријални трошоци** | 16,513,989 | 19,500,000 | 118 |
| Надоместоци за вработени | 7,814,243 | 10,000,000 | 128 |
| Т-ци за репрезентација спон. Реклама | 843,571 | 900,000 | 107 |
| Премија за осигурување | 599,488 | 1,400,000 | 234 |
| Даноци, придонеси и персонален | 934,740 | 1,200,000 | 128 |
| Трошоци за платен промет | 389,541 | 1,000,000 | 257 |
| Судски и др. Трошоци | 5,932,407 | 5,000,000 | 84 |
| Трошоци за стечај и ликвидација | 0 | 0 | |
| **3. Бруто плата** | 189,862,555 | 222,300,000 | 117 |
| **4. Догов. Камати од кредитни односи** | 974,768 | 500,000 | 51 |
| **В - (А-Б) - Загуба** | -12,572,920 | | |
| **Г - (А-Б) - Добивка** | | 1,093,298 | |

Преглед бр. 3

## П Р Е Г Л Е Д
## На планирани приходи по места и видови за 2026 год.

| Вид на приходи | Плански Остварено 2025 | План за 2026 | Индекс 3 : 2 |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| *Вкупно :* | 309,166,671 | **356,893,298** | 115 |
| **Сектор "Водовод"** | 128,040,752 | 138,000,000 | 108 |
| **1. Водовод** | 115,350,452 | 124,000,000 | 107 |
| а) Претпријатија | 28,755,917 | 32,000,000 | 111 |
| б) Домаќинства | 81,581,749 | 85,000,000 | 104 |
| в) Услуги | 5,012,785 | 7,000,000 | 140 |
| **2. Канализација** | 12,690,300 | 14,000,000 | 110 |
| а) Претпријатија | 2,679,825 | 3,000,000 | 112 |
| б) Домаќинства | 9,372,444 | 10,000,000 | 107 |
| в) Услуги | 638,031 | 1,000,000 | 157 |
| **Сектор "Комунална хигиена"** | 144,093,451 | **163,653,000** | 114 |
| **1. Одделение за износ на смет** | 111,649,891 | **116,953,000** | 105 |
| а) Претпријатија покриен простор | 24,618,875 | 27,000,000 | 110 |
| б) Претпријатија дворно место | 5,953,451 | 6,000,000 | 101 |
| в) Исфрлање смет м³ | 14,073,965 | 14,353,000 | 102 |
| г) Домаќинства покриен простор | 59,448,163 | 62,000,000 | 104 |
| д) Домаќинства дворно место | 7,387,667 | 7,400,000 | 100 |
| ѓ) Приход од одпад од пакување | 167,771 | 200,000 | 119 |
| **2. Одделение Јавна комунална хигиена** | 19,055,716 | **32,700,000** | 172 |
| Одржување на ЈКХ | 19,055,716 | 32,700,000 | 172 |
| **3. Погребални услуги** | 13,387,844 | **14,000,000** | 105 |
| а) Погребална услуга | 2,838,231 | 3,000,000 | 106 |
| б) Продажба на гроб места | 1,505,333 | 1,500,000 | 100 |
| в) Одржување на гроб места | 9,044,280 | 9,500,000 | 105 |
| **РЕ "Паркови и зеленило"** | 22,873,188 | **35,240,298** | 154 |
| а) Одржување на градско зеленило Програма на ЕЛС | 20,141,805 | 21,240,298 | 105 |
| б) Подигнување на нови површини Програма на ЕЛС | 2,731,383 | 2,000,000 | 73 |
| в) Други услуги | 0 | 12,000,000 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| а) Пазаришна такса | 2,897,887 | 3,500,000 | 121 |
| б) Резервации | 1,898,632 | 2,500,000 | 132 |
| в) Кирии | 1,375,452 | 2,000,000 | 145 |
| **Одделение за планирање, инвестиции и развој** | 1,060,892 | **2,000,000** | 189 |
| **Други приходи** | 6,926,417 | **10,000,000** | 144 |

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 05-4772
26.05 2026 год.
Велес

# Измена на
# Програма за работа и развој и Финансиски план на ЈКП Дервен Велес за 2026 година

Измената на Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП Дервен Велес за 2026 година се однесува на дел IV Финансиски предвидувања во делот бруто плата, прикажан и во табеларниот преглед бр.2 точка 3 каде стои:

За 2026 год. планирано е да се обезбеди **бруто плата** во износ од **222.300.000,00 ден.** Предвидувањето е направено согласно Законот за исплата на минимална плата во Република Македонија и Правилникот за исплата на плати и надоместоци на плати на претпријатието и утврдената вредност на бодот за административните службеници донесена од Влада на РМ.

Оваа измена се прави поради донесување на нов Правилник за пресметка на основна плата и додатоци на плата на вработените во ЈКП Дервен-Велес, согласно Општиот колективен договор за јавниот сектор, чија примена предизвкува финансиски реперкусии, кои се веќе предвидени во претходно испланираните финансиски средства за бруто плати во Финансискиот план на ЈКП Дервен бр.05-411/1 од 02.03.2026год. Тие средства се планирани да бидат наменети за исплата и пресметка на бруто плата по новиот Правилник и согласно Спогодбата за утврдување на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП Дервен Велес помеѓу Гранковиот синдикат при ЈКП Дервен Велес и ЈКП Дервен Велес бр.14-2257/1 од 31.12.2024 година.

Велес,
26.05.2026год

Директор,
Дипл.Технолошки инженер
Горанчо Наунчев

Јавно комунално претпријатие
ДЕРВЕН

ЈАВНО комунално претпријатие
ДЕРВЕН
Бр. 02-978/3
10.06 2026 год.
Велес

Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија, а во врска со член 22 став (1) алинеја 10 од Статутот на ЈКП „Дервен“ Велес, Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ Велес на својата 110-та седница, одржана на ден 10.06.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Спогодба за утврдување на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука, Управниот одбор на ЈКП „Дервен“ - Велес дава согласност на Спогодбата за утврдување на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен“ Велес, склучена помеѓу Директорот на ЈКП „Дервен“ - Велес, како претставник на Работодавачот и Синдикатот СУТКОЗ на Р.М, Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП „Дервен“ – Велес, како претставници на вработените, заведена под архивски бр.14-2257/1 од 31.12.2024 година.

Член 2

Спогодбата од членот 1 на оваа Одлука, со која се утврдуваат вредностите на коефициентите на сложеност на работните места по групи и звања согласно Правилникот за систематизација на работни места, претставува составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Финансиските импликации кои произлегуваат од имплементација на оваа Спогодба ќе се реализираат во рамките на предвидените средства за плати во Програмата за работа и развој и Финансискиот план на претпријатието за 2026 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на Управен одбор,
Емилија Андовска

Јавно комунално претпријатие ДЕРВЕН Велес

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Директорот на ЈКП „Дервен“ - Велес, како претставник на Работодавачот и Синдикатот СУТКОЗ на Р.М, Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП „Дервен“ – Велес, како претставници на вработените, по пат на социјален дијалог ја склучија Спогодбата за утврдување на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен“ Велес, заведена под архивски бр. 14-2257/1 од 31.12.2024 година.

Главната цел на оваа Спогодба е усогласување со Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на РСМ бр.154/2023), во утврдувањето на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен" - Велес.

Имено, за да може оваа Спогодба правно да се имплементира и да започне нејзината примена, задолжително е Управниот одбор да донесе Одлука за давање согласност, од причина што Одлуката е во директна врска со Колективниот договор на претпријатието,

Исто така, Управниот одбор на ЈКП „Дервен" Велес на својата седница одржана на ден 26.05.2026 година, ја усвои Измената на Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен" – Велес, со бр.05-411/2 од 26.05.2026 година. Измената на Програмата за работа и развој и Финансиски план на ЈКП „Дервен" – Велес се врши исклучиво заради техничка реализација на потпишаната Спогодба за коефициентите и истата ќе се реализира целосно во рамките на веќе планираните и одобрени средства за бруто-плати за 2026 година, без да се предизвикаат дополнителни финансиски импликации или оптоварување на буџетот на Општина Велес.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 19 од Законот за јавните претпријатија и член 22 од Статутот на ЈКП „Дервен" Велес, според кои Управниот одбор како орган на управување е надлежен да одлучува за внатрешната организација, колективното договарање и актите кои имаат финансиски импликации врз работењето на јавното претпријатие, ја донесе Одлуката за давање на согласност на Спогодбата за утврдување на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП „Дервен" Велес.

ДЕРВЕН
Бр. 14-2257/1
31.12 2024 год.
Велес
... ДЕРВЕН - Велес СУТКОЗ
Бр. 14-7/1
31.12 2024 год
Велес
Синдикат на работниците од угостителството,туризмот, комунално-станбеното стопанство,занаетчиството и заштитните друштва на Република Северна Македонија
ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО
Бр. 0302-324
31.12 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 204 став 1 точка 2 и член 216 од Законот за работните односи , а во врска со член 5, 13 и член 47 од Општиот колективен договор за јавен сектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154 од 20.7.2023 година) и Колективниот договор за комунални дејности на Р.М ,Синдикатот СУТКОЗ на Р.М, Синдикалната организација на СУТКОЗ при ЈКП Дервен Велес и ЈКП Дервен Велес на ден 31.12.2024 ,склучија:

**СПОГОДБА**
**за утврдување на коефициентите на сложеност на работните места во ЈКП Дервен Велес**

**Член 1**

Коефициентот на сложеност на работното место (на две децимали) се утврдува на начин што исплатената основна бруто плата на работникот за Март 2024 година се става во однос со просечно исплатената бруто плата по вработен за 2023 година, согласно објавените податоци на Државниот завод за статистика, зголемен за 5%.

**Член 2**

Утврдениот коефициент на сложеност на работното место (на две децимали) од член 1 на оваа Спогодба започнува да се применува од 01.03.2025 година согласно начинот на пресметка на основната бруто плата на вработените во јавниот сектор уредена со член 13 од Општиот колективен договор за јавен сектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154 од 20.7.2023 година).

**Член 3**

Со колективен договор на ниво на работодавач или Спогодба на ниво на работодавач може да се утврдат и повисоки коефициенти на сложеност на работното место од коефициентот на сложеност на работното место (на две децимали) утврден со член 1 од оваа Спогодба.

**Член 4**

Работодавачот врз основа на оваа Спогодба е должен да потпише Колективен договор, ако има колективен договор да потпише анекс кон колективен договор и да донесе Правилник за плата согласно одредбите од член 1 и 2 од оваа Спогодба најдоцна до февруари 2025 година.

**Член 5**

Оваа Спогодба, односно Колективен договор на ниво на работодавач или Анекс кон Колективен договор на ниво на работодавач за утврдување на коефициентот на сложеност на работното место (на две децимали) се склучува најдоцна до Декември 2024 година.

**Член 6**

Оваа спогодба и нејзините одредби се составен дел од Колективениот договор за уредување на правата обврските и одговорностите на работниците од работен однос во ЈКП Дервен Велес

**Член 7**

Оваа спогодба стапува на сила со денот на потпишувањето.

СУТКОЗ
Претседател,
Стојанче Кашиковски

ЈКП Дервен Велес
Директор,
Дипл. инж. технолог Горанчо Наунчев

Синдикална организација на
СУТКОЗ при
ЈКП Дервен Велес
Претседател,
Васил Николов